1112-18
1403-160/1

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
## ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД
## Комитет за следење на ИПАРД 2014-2020

# Записник од третиот состанок
# на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020
17 мај 2018

*Арх.бр. 11-12566/1*
*11.12.2018*

ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ

Претседател на Комитетот за следење: м-р Нефрус Челику

Раководител на Сектор за управување со ИПАРД: Живко Брајковски

*Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД*:

1. Вулнет Арифи-Министерство за локална самоуправа;
2. Евгенија С. Кирковски-Секретаријат за Европски прашања;
3. Љиљана Вуковиќ-Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија;
4. Петар Ѓеоргиевски- Мрежа за рурален развој на Р.М;
5. Александра Матиќ Север-Министерство за култура;
6. Елгафар Јусуфи-Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
7. Назмије Идризи-Министерство за животна средина и просторно планирање;
8. Сашко Арсов- Агенција за храна и ветеринарство;
9. Сашо Крцоски- Мрежа на млади фармери.

*Присутни заменик членови на Комитетот за следење на ИПАРД:*

1. Гоце Георгиевски-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. Милан Митковски-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
3. Татјана Вета-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
4. Андријана Велевска-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
5. Неда Груевска-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
6. Тони Довенски- Факултет за ветеринарна медицина;
7. Ивана Јанеска Стаменковска- Факултет за земјоделски науки и храна;
8. Даниела Цветаноска-Здружение за рурален развој ЛАГ Агро Лидер;
9. Елена Гунова-Занаетчиска Комора Скопје;
10. Љубица Зафироска- Министерство за транспорт и врски.

*Претставници на Европска Комисија (ЕК) со советодавна улога:*

1. Liam Breslin-Директорат за земјоделство и рурален развој;

2. Zigo Rutkovskis-Директорат за земјоделство и рурален развој.

*Претставници од Европска Делегација:*

1. Маргарита Делева-Делегација на Европска Унија во Република Македонија;
2. Virve Vimpari-Делегација на Европска Унија во Република Македонија;
3. Kostas Soupilas-Делегација на Европска Унија во Република Македонија.

*Претставници на ИПАРД структурата:*

*Претставници од НАО и НФ :*

1. Фатмир Адеми, Министерство за финансии.

*Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ):*

1. Живко Брајковски, раководител на Сектор ИПАРД;
2. Виктор Младеновски, одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
3. Александра Дика, одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
4. Јасмина Хаџибулиќ, одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
5. Гордана Смилеска, одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
6. Златко Колевски, одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
7. Оливер Стефановски, одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
8. Кирил Ристоски, одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
9. Габриела Петрова, одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
10. Сашка Јовановска Вукелиќ, одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
11. Александар Антески, одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
12. Игор Трошански, одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;

13. Иса Имишти, одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
14. Душко Јакимовски, одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
15. Мухадин Лимани, одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
16. Соња Трајкова, одделение за координација на подготвителни активности за агро-еколошки мерки и „ЛЕАДЕР";
17. Саџиде Демири, одделение за координација на подготвителни активности за агро-еколошки мерки и „ЛЕАДЕР".

*Претставници од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР):*

1. Маја Брајовиќ, раководител на сектор за внатрешна ревизија, агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР);

Резултати: Претседател на Комитетот, 9 членови и 10 заменици, со право на глас (од вкупно 29 члена со право на глас) учествуваа на состанокот. Со тоа се постигна кворум од 2/3 од членовите со право на глас за одржување на состанокот согласно Деловникот за работа член 8 став (3).

*Листа на присутност на членовите од состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД е прикажана во прилог 1 од овој записник.*
*Листа на набљудувачи е прикажана во прилог 2 од овој записник.*

1. Точка 1 од дневниот ред: „Усвојување на предлог Дневниот ред на третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД".

Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, м-р Нефрус Челику го отвори третиот состанок на Комитетот и им посака добредојде на сите присутни. Тој ги информираше членовите за предлог дневниот ред за третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

Бидејќи членовите на Комитетот за следење на ИПАРД немаа забелешки во однос на дневниот ред, беше усвоена следнава одлука:

Одлука бр.1:Комитетот за следење на ИПАРД го усвои дневниот ред за третиот (пролетен) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

2. Точка 2 од дневниот ред: „Усвојување на записникот од претходниот втор состанок на Комитетот за следење на ИПАРД одржан на 12 декември 2017"

Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД II, информираше дека записникот од претходниот втор состанок на Комитетот за следење на ИПАРД одржан на 12 декември 2017 беше испратен до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД на 03.04.2018 година и заклучно со 19.04.2018 година до Секретаријатот на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 не се пристигнати коментари од членовите на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020.

Во однос на оваа точка, раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски, додаде дека заедно со записникот во материјалите, дополнително е додаден уште еден записник поради задоцнето доставените коментари од страна на претставниците на Европската Комисија, и дека истите не се однесуваат на суштинските работи во текстот на записникот.

Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД немаа забелешки по однос на записникот и беше усвоена следнава одлука:

Одлука бр.2: Комитетот за следење на ИПАРД го усвои записникот од вториот состанок кој се одржа на 12 декември 2017 како конечен.

3. Точка 3 од дневниот ред: „Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот втор состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014- 2020"

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски, информираше во однос на напредокот за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД. Во однос на преземените активности од страна на ТУ за спроведување на одлуките и заклучоците, тој додаде дека по пат на пишана процедура усвоени се АПТА-та за 2018 година, Акцискиот план за комуникација и публицитет за ИПАРД 2014-2020 и измените на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020.

Во однос на оваа точка, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

Заклучок бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД, беше информиран за напредокот во спроведувањето на одлуките/заклучоците од вториот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

4.Точка 4 од дневниот ред: „Информација во однос на ИПА Мониторинг Комитет одржан во март 2018 "

Во врска со точка 4, претставничката на СЕП, Евгенија Серафимовска Кирковска информираше дека во март 2018 година беше одржан состанок на ИПА Мониторинг Комитетот (ИПА МК). Таа истакна дека е формиран и Секторски Мониторинг Комитет за конкурентност, иновации и земјоделство. Првиот состанок е одржан на 21 март 2018 година и го покрива секторот конкурентност, иновации, земјоделство, ветерина, храна и фитосанитарна политика. Целта на овој комитет во делот на земјоделството, ветерина и фитосанитарна политика е следење на напредокот во спроведување на проекти кои се финансираат од пакетот на Генералниот Директорат за соседска политика и преговори за проширување (DG NEAR), кои се спроведуваат во рамките на програмирачката ИПА 2015.

Спроведувањето на проектите се движи во добра насока поради големата посветеност од крајните корисници.

На третиот состанок на ИПА МК, помеѓу другото, дискутирано е и за имплементацијата на ИПАРД II Програмата. Идејата на тие состаноци е да се разговара за примена на секторски пристап кој што претставува партиципативно учество на сите засегнати страни во дијалогот, не само во фазата на спроведување, туку и во самиот почеток на планирање. Таа исто така информираше дека се одржани 2 пленарни состаноци на секторската работна група, во присуство на донатори, невладини организации и т.н. технички тематски состаноци каде што е дискутирано за консолидација на земјоделско земјиште, рурален развој, управување со води, маркетинг и квалитет на земјоделски производи, прв пат за шумарство во рамките на ИПА, стандардни аспекти на поддршка на АФПЗРР, Агенција за храна и ветерина и фитосанитарна политика.

Генералниот заклучок од одржаниот ИПА МК е да бидеме успешни во спроведувањето на секторскиот пристап. Конкретно за секторот ИПАРД рокот за трошење на првата транша од средствата завршува на крајот на 2018 година, со што се очекува засилена координација и успешно трошење на 3,7 милиони евра од првиот јавен повик.Таа додаде дека моментално се работи на програмирање на 2019 година и секторот земјоделство е дел од трите сектори

кои ќе бидат финансирани, односно пакет што ќе биде управуван од страна на DG NEAR. Во пакетот постојат околу 15 милиони евра за оваа намена.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

Заклучок бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше во однос ИПА Мониторинг Комитетот одржан во март 2018 година.

5. Точка 5 од дневниот ред: „Статус со спроведување на ИПАРД Програмата 2014- 2020"

5.1.Потточка 5.1 од дневниот ред: „Информација во однос на пристигнати барања на првиот Јавен повик за ИПАРД 2014-2020"

Во однос на оваа потточка, претставничката на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), Маја Брајовиќ, ги информираше членовите во однос на пристигнатите барања од првиот јавен повик дека се пристигнати вкупно 1.468 апликации со барања во износ преку 71.000.000 €. Земајќи во предвид дека за целиот програмски период имаме 80.000.000 €, огромниот број на апликации е една од причините зошто сè уште трае обработката на првиот Јавен повик. За првата мерка инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства пристигнати се 1.404 барања во износ на побарана вредност од околу 18.000.000 €. До сега се одбиени 414 барања, а склучени се 73 договори во износ на кофинансирање од 1.250.000 € од кои, европскиот дел изнесува 937.000 €. За мерката „Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски производи и рибни производи", пристигнати се 57 барања, одбиени се 19, а склучени се 15 договори во износ од 4.100.000 € од кои европски дел 3.073.000 €. Во однос на мерка 7„Диверзификација на фармите и развој на бизниси" пристигнати се 187 барања, одбиени се 122 и не е склучен ниту еден договор.

До сега се склучени договори за европски дел од 4.000.000 €. Главна причина за одбивање на барањата е некомплетирањето на барањата и по испратено известување за докомплетирање, истите не се дополнуваат. Причина за долгиот период на обработка на барањата е и недоволниот капацитет на АФПЗРР

Во однос на барањата за исплата пристигнати се 14 барања, во износ од 36.000 € и сите се од мерка 1. За мерката техничка помош, пристигнати се 2 барања за исплата, од кои, едното барање се однесува на одржување на состанокот на

Комитетот за следење на ИПАРД со вкупна барана сума од 2.600 €. Претставникот на ЕК, Лиам Бреслин истакна дека има голем напредок во однос на брзината на обработката на барањата за разлика од претходно кога едно барање било потребно да се обработи за една недела и уште еднаш ја потенцираше потребата од нови вработувања во АФПЗРР. Иако во моментов се реализирани 24 нови вработувања кои работат на ИПАРД Програмата, тој смета дека е потребно да се зголеми бројот на вработувања во делот на ИПАРД. Во однос на мерката 3 пристигнати се 57 барања, а склучени само 15 договори, што укажува дека бавно се одвива обработката на барањата. Причината е недоволниот број на вработени, односно во одделението за обработка на барањата по мерка 3 работат само тројца вработени. До крајот на 2018 година треба да се потрошат 3,7 милиони евра од првиот јавен повик.Тој ги охрабри присутните да бидат брзи и успешни во трошењето на овие средства, во спротивно тие ќе треба се вратат во Брисел. Истакна дека е задоволен од усвојувањето на одлуката за одобрување на Акцискиот план на активности предвидени во мерката техничка помош за 2018 година (АПТА) во рамките на ИПАРД 2014-2020 и со усвојувањето ќе може да се искористат средствата од техничката помош, особено за посети на други земји. Претставникот на мрежата за рурален развој на Р.М, Петар Ѓоргиевски се осврна на податоците презентирани од страна на претставничката на АФПЗРР во однос на мерката 7 „Диверзификација на фармите и развој на бизнисите" односно, како да се подобри квалитетот на тие барања. Претставничката на АФПЗРР истакна дека според нивните калкулации, севкупниот буџет за оваа мерка ќе биде искористен додавајќи дека во оваа мерка мора да има рангирање, да се обработат сите барања, да се изготват ранг листи и да се склучат договори. Во однос на квалитетот на барањата, таа истакна дека е потребна поголема информираност при обука на приватните консултанти и за таа цел ќе бидат преземени конкретни активности во соработка со ТУ со ИПАРД.Врз основа на изнесеното, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

Заклучок бр.3:Комитетот за следење на ИПАРД се информираше во однос на пристигнати барања на првиот Јавен повик за ИПАРД 2014- 2020.

5.2. Потточка 5.2 од дневниот ред: „Информации за статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерка рурална инфраструктура"

Претставникот на НАО/НФ, Фатмир Адеми, информираше дека во текот на 2015/2016 година се започнати подготвителните активности за акредитација на мерката за рурална инфраструктура. Пакетот за акредитација на мерката рурална јавна инфраструктура од ИПАРД Програмата (2014-2020) беше подготвен и поднесен за надворешно оценување до Ревизорско тело за ИПА на 10 јануари 2017 година со цел обезбедување независно ревизорско мислење. Ревизорско тело изврши проценка на усогласеноста и на 24.01.2018 година достави финален извештај за усогласеност. Во однос на наодот за недоволен број на вработени тој додаде дека во АФПЗРР во мај 2018 година, реализирани се 28 вработувања.

НАО/УС на 15.03.2018 година достави до ЕК за коментари нацрт работни процедури на управувачката и оперативната структура за мерката рурална јавна инфраструктура. Притоа, во доставените нацрт работни процедури на АФПЗРР се инкорпорирани и ревизорските препораки од конечниот извештај за усогласеност. Тој исто така информираше дека можно е ЕК да изврши ревизија во нашите институции за да се провери дали системот е дизајниран согласно акредитациските критериуми.

Постапката за акредитација се очекува да биде готова до крај на 2018 година и веќе во 2019 година да се започне со нејзина имплементација.

Во отсуство на забелешки, претседавачот го усвои следниов заклучок:

| |
|---|
| Заклучок бр.4:Комитетот за следење на ИПАРД се информираше во однос на статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерка рурална инфраструктура. |

5.3.Потточка 5.3 од дневниот ред : „Воведување на нови мерки ИПАРД 2014-2020/ Дискусија во однос на прва модификација на ИПАРД Програмата"

Претставникот на ТУ, Александар Антески информираше во однос на првата модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020.

Тој истакна дека првата модификација произлезе по претходни технички консултации со Европската Комисија и ИПАРД Агенцијата, од искуството на имплементацијата од првиот јавен повик на ИПАРД Програмата, како и од барањата на приватниот сектор за менување на одредени критериуми на

програмата. Со првата модификација ќе се воведат две нови мерки LEADER и Советодавни услуги. Ќе се изврши модификација на одредени критериуми на ИПАРД Програмата, отстранување, изменување на технички грешки. Модификацијата ќе опфати и минимум потребни документи за разгледување и обработка на барањата и на тој начин ќе се избегне доставувањето на празни, нејасни, некомплетни барања во ИПАРД Агенцијата. Како резултат на предложената модификација се планира поголем пристап до поширок круг на корисници. Позначајна предлог модификација е по мерка 1 каде е испуштен секторот за сточна храна. Во мерка 7 дообјаснети се обновливите извори на енергија. Потоа, дефиниран е пристапот за сопствено користење на енергија, а вишокот да може да го продава во мрежа. Инвестициите во обновливите извори на енергија се ограничени до 1.000.000 €. Со цел апликантот да може повеќе пати да аплицира во овој програмски период, истиот ќе може да достави нова апликација доколку за претходниот проект има доставено барање за исплата., но не и да е целосно исплатен тој проект. Модификацијата е во финална фаза и истата ќе биде испратена до Европската Комисија. Претставникот на ЕК, Зиго Рутковскис го поздрави предлогот за модификација за дополнителните нови мерки. Тој истакна дека е важно да се процени капацитетот на одговорните институции за спроведување на овие мерки во иднина. Ги поздрави предлозите во врска со подобрувањето на процедурите и барањата, а со цел да се избегнат негативните искуства од првиот јавен повик и се надева дека ќе се поедностави и намали обработката на барањата за вториот повик.

Во врска со оваа потточка беше донесен следниов заклучок:

| |
|---|
| Заклучок бр. 5:Комитетот за следење на ИПАРД се информираше во однос на новите мерки во ИПАРД Програмата 2014-2020 и првата модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020. |

6. Точка 6 од дневниот ред: „Активности затехничка помош"

6.1. Потточка 6.1: „Прогрес на активности во однос на спроведување на АПТА 2018"

Претставникот на ТУ, Кирил Ристоски информираше во однос на преземени и планирани активности во однос на АПТА-та за 2018 година. Како реализирана активност, меѓу другото, беше наведена самата организација на состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД. Во однос на идни активности, беше најавена ex-post евалуацијата на ИПАРД Програмата 2007-2013, организација на help

дескови за реализација на мерката рурална инфраструктура, како и тендерско досие за кампања за публицитет.

Претставникот на ЕК, Лиам Бреслин истакна дека е задоволен од усвојувањето на АПТА 2018 и дека конечно ќе може да се користи техничката помош, иако има правила кои не се лесни за спроведување. Негова препорака е веднаш да се започне со набавката за ex-post евалуација за ИПАРД I, која би требало да биде многу едноставна и не многу скапа, истакнувајќи дека ТУ со ИПАРД треба да одлучи дали ќе ангажира експерти од Македонија или надворешни експерти. Раководителот на ТУ со ИПАРД одговори дека усвојувањето на АПТА-та одзема многу време, меѓудругото и поради ex-post евалуацијата. Според калкулациите на ТУ со ИПАРД, рокот за доставување на извештајот од ex-post евалуацијата ќе биде испочитуван во случај да се ангажираат локални експерти по пат на "single tender" процедура. Понатаму, тој најави и измена на АПТА-та за 2018 година, односно додавање на набавка на услуги од системот Orbis, како и обуки на вработените во структурите кои се поврзани со реализација на ИПАРД.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

| |
|---|
| Заклучок бр.6: Комитетот за следење на ИПАРД, се информираше за напредокот во спроведувањето на АПТА 2018. |

6.2 Потточка 6.2: „Прогрес на активности за комуникација и публицитет за 2018 година за ИПАРД 2014-2020 "

Земајќи во предвид дека не беа преземени некои позначајни активности во однос на публицитет за 2018 година, претставникот на ТУ со ИПАРД, Игор Трошански ги презентираше преземените активности како подготовка за спроведување на мерката рурална јавна инфраструктура. Имено, бидејќи се наоѓаме во фаза на подготовка на првата модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020, ова беше идеален момент за размена на информации со единиците на локалната самоуправа како идни корисници на оваа мерка, односно, можност да се утврди дали нивните приоритети се веќе одговорени во текстот на оваа мерка или истата ќе треба да се менува.

Активностите беа спроведени во соработка со центрите за развој на планските региони и беа остварени 8 средби, во осумте центри. На средбите присуствуваа и дел од ново избраните градоначалници каде што им беа пренесени дел од одлуките кои што ќе треба да се донесат на политичко ниво.

Важна точка на која што исто така се разговараше беше и утврдување на капацитетите на единиците на локалната самоуправа односно да се изнајде начин за спроведување на обуки за оние кои директно ќе бидат инволвирани во спроведувањето на оваа мерка. Освен обуки, потребна е и нивна едукација во однос на процедурите или постапките за јавни набавки согласно ПРАГ правилата.

Тој исто така ја спомна и иницијативата на ТУ со ИПАРД, преку мерката техничка помош да се воспостават help дескови или центри кои би биле од стручна помош за подготовка и мониторирање на постапките за јавни набавки.

Долгите процедури за пренамена на земјоделско земјиште како и можноста за предфинансирање на општините беа истакнати како проблеми за кои ќе треба да се донесат и политички одлуки.

На прашањето на претставникот на ЕК, Лиам Бреслин за каков тип на инвестици се потребни средства, претставникот на ТУ, Игор Трошански одговори дека беа изготвени прашалници за приоритетите во општините и истите биле доставени до нив. Се уште не е направена детална анализа, но прввичните информации укажуваат дека поголемиот дел од потребите за инвестиции се во руралната патна инфраструктура, канализациски системи и системи за наводнување.Тоа се големи инвестиции, а буџетот на ЕЛС е многу мал.

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, информираше дека веќе се прават напори од МЗШВ да се обезбедат средства за предфинансирање на мерката рурална инфраструктура, односно се разговара на највисоко ниво. На прашањето на претставничката на здружението за рурален развој ЛАГ Агро Лидер, во врска со измените за пред-лаговите, и акредитација на мерката ЛЕАДЕР беше укажано дека ќе се формира работна група од повеќе сектори која што ќе направи доуредување на правилникот за финансирање на лаговите спored. Националната програма за рурален развој, по што ќе следи финансирање на пред-лаговите до акредитирање на мерката ЛЕАДЕР во ИПАРД II Програмата. Со акредитација на мерката, овие пред-лагови ќе треба повторно да се регистрираат според правилата на ЛЕАДЕР пристапот.

Во однос на оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

Заклучок бр.7: Комитетот за следење на ИПАРД, се информираше за прогрес на активности за комуникација и публицитет за 2018 година за ИПАРД 2014-2020

7. Точка 7 од дневниот ред „Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД"

Претставникот на НАО, Фатмир Адеми го информираше Комитетот во однос на системот за управување за управување и контрола на ИПАРД односно спроведените ревизии, верификациски посети, новите вработувања и прераспределби на вработените.

Во однос на системскиот дел околу процедурите, имаше препораки од ЕК за подобрување на процедурите во АФПЗРР. Постапено е по однос на препораките и доставени се до ЕК за нивно информирање. Потоа, независно ревизирско тело изврши ревизија во Министерство за финансии (Сектор за управување со ИПА), Телото за управување и АФПЗРР. Идентификувани се 5 наоди со висок ризик, а се однесуваат најмногу на одлив на стручен и обучен кадар и потреба од нови вработувања. Во делот со одливот на стручен кадар од страна на СЕП (НИПАК) направен е концепт документ и предложено е како да се задржи кадарот. Овој план се уште не е усвоен како конечна одлука на Владата. Во однос на потребите за вработување, беше одлучено истите да се реализираат во фази, со што ќе се овозможи и полесна адаптација на новите вработени, како и обука на лице место од постојните вработени.Вработувањето ќе се спроведува во три фази: прва фаза со 28 вработувања, втора фаза 20 вработувања и трета фаза 20 вработувања. Првата фаза е веќе реализирана односно вработени се 24 лица за ИПАРД програмата, а 4 се алоцирани во националните програми. Во ТУ со ИПАРД беа реализирани 7 вработувања, односно имаше префрлувања на вработени од други одделенија во рамките на МЗШВ. Исто така има одлив од три лица. Сепак има подобрување во однос на вработувањето во ТУ, моменталниот број на вработени е 17, во делот на акредитираните мерки. Во Министерството за финансии (Сектор за управување со ИПА) вработени се 18 лица.

Во врска со вработувањата, претставникот на ЕК, Лиам Бреслин истакна дека недоволниот број на вработени претставува тесно грло за правилно функционирање на Агенцијата.Она што е важно е да се оддржи ветувањето за вработувањето како што е договорено и реално да се прикажува бројот на вработени. Тој препорача при вработувањето да се вклучат квалитетни млади луѓе (пр.млади агрономи) кој би сакале да работат на барањата за ИПАРД. Со таков кадар би се забрзала и обработката на барањата и средствата побрзо ќе се искористат.

Претставникот на мрежата за рурален развој на Р.М, Петар Ѓоргиевски истакна дека е потребна обука на вработените и постави прашање дали е можно средствата од мерката техничка помош да се искористат за таа намена.

Раководителот на ТУ со ИПАРД одговори дека со измената и дополнувањето на АПТА-та за 2018 година ќе бидат воведени и обуки за вработените.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

| |
|---|
| Заклучок бр. 8: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за функционирање на системот за управување и контрола. |

8.Точка 8 од дневниот ред: „Дискусија/презентација на Финален Извештај за ИПАРД 2007-2013"

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Виктор Младеновски, ја презентираше содржината на конечниот извештај за ИПАРД 2007-2013. Во извештајот недостасува делот за ex-post евалуација, но по негово изготвување заклучоците ќе бидат интегрирани во извештајот. Извештајот е изработен согласно насоките на ЕК и ќе биде доставен до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД 2007-2013 за усвојување по пат на пишана процедура. Најдоцна до 30.06.2018 година, истиот ќе биде доставен и до ЕК.

Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД во отсуство на забелешки го донесоа следниов заклучок:

| |
|---|
| Заклучок бр. 9:Комитетот за следење на ИПАРД се информираше во однос на финалниот извештај за ИПАРД 2007- 2013. |

9.Точка 9 од дневниот ред:„Разно"

Претставникот на ЕК, Лиам Бреслин, покрена дискусија во однос на идејата/пристапот за кусите синџири за снабдување (short supply chains), како да им се помогне на малите фармери кои не можат сами да аплицираат за ИПАРД и да поднесат апликација. Како пример беа наведени фармерите кои поседуваат до 2 ha земјиште,чуваат млечни крави и произведуваат специјално сирење, карактеристично за нивниот регион, сметајќи дека истите треба да се опфатат и да се направи мал производствен погон за производство на сирење. Средствата за ваков тип на проекти би можеле да се обезбедат преку мерката за техничка помош, за да се види дали оваа мерка е остварлива.

Раководителот на ТУ со ИПАРД се надоврза и образложи дека оваа идеја произлезе од работилницата одржана во Члуј, Романија. Македонската презентација се однесуваше на кусите синџири за снабдување од

Малешевијата, за производи и преработки од аронија, шумски производи, малини, капини и сл.Тој истакна дека веќе е договорена средба со претставникот на мрежата на рурален развој каде ќе се посети областа од каде што е поттикната идејата, односно фармерите, кои во иднина ќе бидат носители на овој проект. Тој додаде дека во идната модификација на АПТА 2018, во рамките на мерката техничка помош, ќе се обидат да најдат начин за да се финансира еден ваков тест проект.
Претставникот на мрежа за рурален развој на Р.М, Петар Ѓоргиевски ја подржа оваа идеја додавајќи дека LEADER пристапот и лаговите се исто така добар медиум и механизам кој што на овие ситни производители би им овозможил преку ИПАРД да ги развијат своите мали бизниси.
Претставникот на мрежа на млади фармери, Сашо Крцоски исто така ја поздрави оваа идеја. Тојдодаде дека во минатото вакви слични интегратори функционирале земајќи во предвид дека на малите земјоделци/фармери им требаат такви интегратори кои што ќе ги спојат во едно за да се поголеми, бидејќи како мали земјоделци не можат да аплицираат за ИПАРД, а сепак не можат да опстојат на пазарот и да се прошират.

10. Точка 10 од дневниот ред: „Предлог на Дневен ред за следниот четврти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД и усогласување на датумот за негово одржување"
Во врска со точка 10 од дневниот ред, претседателот информираше за предлог дневниот ред за следниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020. Во однос на наредниот состанок тој предложи датумот на одржување за наредниот четврти состанок на Комитетот да биде договорен во согласност со можностите на претставниците на Европската Комисија.
Претседателот го затвори состанокот и го прогласи за успешен.

| ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД: | ОД СТРАНА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ: |
|---|---|
| Nefrus Çeliku | Живко Брајковски |
| Титула: Претседател | Раководител на Сектор за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: 10.12.2018 |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
СКОПЈЕ

| Бр. | Титула и име на членовите | Институција | Присутен "√" | Отсутен "√" | Претставник "√" | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М-р Нефрус Челику | МЗШВ | √ | | | | |
| | | | ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ | | | | |
| . | Трајан Димковски | МЗШВ | | | √ | Гоце Георгиевски | 0 |
| . | Никица Бачовски | МЗШВ | | | √ | Милан Митковски | 0 |
| . | Маја Лазареска Јовеска | МЗШВ | | | √ | Татјана Вета | 0 |
| | Славица Михајловска | МЗШВ | | | √ | Андријана Велевска | 0 |
| | Евгенија Серафимовска Кирковски | СЕП | √ | | | | 0 |
| | Беким Хаџиу | Министерство за економија | | √ | | | 2 |
| | Вулнет Арифи | МЛС | √ | | | | 0 |
| | Александра Матиќ - Север | МК | √ | | | | 0 |
| ). | Назмије Идризи | МЖСПП | √ | | | | 1 |
| . | Дарко Пешевски | Министерство за транспорт и врски | | | √ | Љубица Зафироска | 1 |
| 2. | Душан Томшиќ | Министерство за труд и социјална политика | | √ | | | 1 |
| . | Сашко Арсов | АХВ | √ | | | | 0 |
| | | | АГЕНЦИИ | | | | |
| . | Елгафар Јусуфи | АПРЗ | √ | | | | 0 |
| . | Љиљана Вуковиќ | Агенција за поддршка на претприемништвото | √ | | | | 0 |
| | | | ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | |
| . | Васко Ристовски | Стопанска комора на Македонија | | √ | | | 2 |
| . | Огнен Оровчанец | Агробизнис комора при Сојуз на стопански Комори на РМ | | √ | | | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Сашо Ристески | Македонска асоцијација на преработувачи | | √ | √ | Неда Груевска | 1 |
| 19. | Вељо Тантаров | Сојуз на земјоделци на Македонија | | √ | | | 2 |
| 20. | Зоран Зимбаков | Заедница на единиците на локалната самоуправа | | √ | | | 1 |
| 21. | Проф. Д-р Ана Котевска | Факултет за земјоделски науки и храна | | | √ | Ивана Јанеска Стаменковска | 0 |
| 22. | Драган Дојчиновски | Комора на занаетчии | | | √ | Елена Гунова | 1 |
| 23. | Проф д-р Верица Илиева | Факултет за земјоделски науки и храна – УГД Штип | | √ | | | 1 |
| 24. | Марина Тошевска | Агро- Лидер | | | √ | Даниела Цветаноска | 0 |
| 25. | Петар Ѓоргиев | Рурална мрежа на Р.М | √ | | | | 0 |
| 26. | Проф. Д-р Владимир Петков | Факултет за ветеринарна медицина | | | √ | Проф. Д-р Тони Довенски | 0 |
| 27. | Сашо Крцоски | Мрежа на млади фармери | √ | | | | 0 |
| 28. | Гордана Лозановска Стефановска | ЛАГ Пелагонија | | √ | | | 1 |
| 29. | Робертина Брајаноска | Македонско еколошко друштво | | √ | | | 1 |
| | ВКУПНО | | 9 | 10 | 10 | | |

Прилог 2: Листа на набљудувачи

Претставници на Владини институции:

Јетон Зука- МЗШВ;

Љубица Ѓерасимова- СЕП;

Зоран Атанасов- АХВ.

Претставници од Државен завод за Ревизија:

Билјана Ивановска, ДЗР;

Мимоза Шишковска, ДЗР;

Соња Пановски, ДЗР.

Претставници на економски и социјални партнери:

Владимир Христов, АФПЗРР;

Вангел Наневски, АФПЗРР;

Панче Арсов, АФПЗРР;

Славко Милошевски, АФПЗРР;

Влатко Поповски, АФПЗРР

Бојана Симоновиќ- АВРМ;

Влатко Силјановски- АВРМ;

Алирами Салији- Државен универзитет во Тетово;

Дане Јосифовски- Кабинет на ЗПВРМ.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.3 | Воведување на нови мерки ИПАРД 2014-2020/ Дискусија во однос на прва модификација на ИПАРД Програмата | (ТУ) | Предлог за прва модификација на ИПАРД 2014-2020 |
| 6. | Активности за техничка помош | | |
| 6.1 | Прогрес на активности во однос на спроведување на АПТА 2018 | (ТУ) | Презентирано на самиот состанок |
| 6.2 | Прогрес на активности за комуникација и публицитет за 2018 година за ИПАРД 2014-2020 | (ТУ) | Презентирано на самиот состанок |
| 7. | Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД | (НАО) | Извештај на НАО |
| 8. | Дискусија/ презентација на Финален Извештај за ИПАРД 2007- 2013 | (ТУ) | Презентирано на самиот состанок |
| 9. | Разно | / | / |
| 10. | Предлог на Дневен ред за следниот четврти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД и усогласување на датумот за негово одржување | Претседавач/ Претставници од Европската Комисија | Дискусија |
| | Затварање на состанокот | Претседавач | |

**КОМИТЕТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД II**

Предлог дневен ред
За трет состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014- 2020

Датум: 17.05.2018

Место: /

| Бр. | Тема | Презентирано од: | Документи/Прилози |
|---|---|---|---|
| | Пристигнување и регистрација | ТУ Секретаријат | |
| xx | Потврда за присуство на членовите/замениците за состанокот и постигнување на кворум согласно Деловникот за работа | Секретаријат на Комитет за следење на ИПАРД | Регистрација |
| 1. | Усвојување на предлог дневниот ред за 3 (трет) состанок на Комитет за следење на ИПАРД 2014- 2020 | Претседавач | Предлог дневен ред |
| 2. | Усвојување на записникот од претходниот 2втор состанок на Комитетот за следење на ИПАРД одржан на 12ти декември 2017 | Претседавач | Финален записник |
| 3. | Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (2втор) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014- 2020 | (ТУ) | Презентирано на самиот состанок |
| 4. | Информација во однос на ИПА Мониторинг Комитет одржан во март 2018 | (НИПАК) | Презентирано на самиот состанок |
| 5. | **Статус со спроведување на ИПАРД Програмата 2014- 2020** | | |
| 5.1 | Информација во однос на пристигнати барања на првиот Јавен повик за ИПАРД 2014-2020 | (ИПАРД Агенција) | Извештај на ИПАРД Агенција |
| 5.2 | Информации за статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерка рурална инфраструктура | (НАО) | Презентирано на самиот состанок |